| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Мојата омилена играчка |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиената на рацете (сл. 1) и на играчките, како и селектирање на чисти и валкани играчки (сл. 2). |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за играчките кои ги има детето дома.<br>Потоа наредете ги играчките пред детето ( именување, опишување на истите), дозволете му да ви каже која му е омилена играчка и со која најмногу сака да си игра.<br>Потоа предложете му на детето да играте некоја имитативна игра по желба на детето со неговата омилена играчка. На пример: “Да ја избањаме куклата“ ( водете разговор во текот на играта зошто ја бањаме куклата, како треба да ја избањаме, кои средства ги користиме итн.); “Да конструираме патека за автомобили од коцки“ ( разговор за сообраќајот, сообраќајните правила, сообраќајните средства и сл.); “ Животните во селскиот двор“ (разговор за домашните животни и нивните карактеристики, разговор за нивните живеалишта, за тоа кој се грижи за нив, која е користа што ја имаме и сл.) – сл.3, 4, 5<br>Во текот на играта поттикнете го детето на што поголема вербална комуникација, правилно и граматички изговарање на зборовите и дозволете му да ја развива својата фантазија во текот на играта, а вие внимателно слушајте го и поставувајте му прашања.<br>Играта ќе трае додека детето има интерес.<br>Откако ќе завршите со имитативните игри, насочете го детето да ги собере играчките со кои што играло, но претходно поразговарајте за тоа дека извалканите играчки со кои што сме играле ќе ги ставиме во посебна корпа, а потоа ќе ги измиеме за да бидат чисти.<br>Активноста завршете ја со сликање “Мојата омилена играчка“ со темперни бои на лист од блок (сл. 6).<br>На крајот секогаш пофалете ја изработката на детето. |